Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Шеесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 16 јули 2022 година**

**Скопје, јули 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Шеесеттата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 16 јули 2022 година**

Седницата започна во 16:20 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците (преку видео конференциска врска), Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, членовите на Владата, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство (преку видео конференциска врска), м-р Беким Сали, министер за здравство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора (преку видео конференциска врска), како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и Филип Николовски, заменик на министерот за финансии и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа членовите на Владата д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика и м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Заклучоци усвоени од Собранието на Република Северна Македонија во врска со Информацијата за содржината на предлог Преговарачката рамка за пристапните преговори на Република Северна Македонија со Европската Унија, предложена од страна на Претседателството на Франција со Советот на Европската Унија, со предлог Преговарачка рамка

2. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка

3. Предлог-закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање, по скратена постапка

4. Информација за утврдување на генералната позиција на Северна Македонија за политичкиот состанок на Меѓувладината конференција за пристапување на Северна Македонија во Европската Унија и определување на состав на државната делегација, со Генерална позиција на Северна Македонија за политичкиот состанок на Меѓувладината конференција за пристапување на Северна Македонија во Европската Унија

5. Кадровски прашања

6. Прашања и предлози

7. Предлог на закон за ратификација на Протоколот кон Северноатлантскиот договор во врска со пристапувањето на Кралството Шведска

8. Предлог на закон за ратификација на Протоколот кон Северноатлантскиот договор во врска со пристапувањето на Република Финска

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ги разгледа Заклучоците усвоени од Собранието на Република Северна Македонија во врска со Информацијата за содржината на предлог Преговарачката рамка за пристапните преговори на Република Северна Македонија со Европската Унија, предложена од страна на Претседателството на Франција со Советот на Европската Унија, со предлог Преговарачка рамка и притоа заклучи:

1. Ги прифати Заклучоците усвоени од Собранието на Република Северна Македонија во врска со Информацијата за содржината на предлог Преговарачката рамка за пристапните преговори на Република Северна Македонија со Европската Унија,

предложена од страна на Претседателството на Франција со Советот на Европската Унија.

2. Ја усвои предлог Преговарачката рамка за пристапните преговори на Република Северна Македонија со Европската Унија, предложена од страна на Претседателството на Франција со Советот на Европската Унија.

**Точка 2**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка и го утврди со следниве заклучоци:

1. Предлагачот да го усогласи текстот на Предлогот на закон со Секретаријатот за законодавство и надлежните институции.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за градење, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Мартин Оџаклиески, државен советник во Министерството за транспорт и врски.

**Точка 3**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Предлагачот текстот на Предлогот на закон да го усогласи со Секретаријатот за законодавство и надлежните институции.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за урбанистичко планирање, по скратена постапка, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени Благој Бочварски, министер за транспорт и врски и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски, а за повереници Митко Трајчулески, државен секретар во Министерството за транспорт и врски и Весна Андриевска, раководител на Сектор во Министерството за транспорт и врски.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за утврдување на генералната позиција на Северна Македонија за политичкиот состанок на Меѓувладината конференција за пристапување на Северна Македонија во Европската Унија и определување на состав на државната делегација, со Генерална позиција на Северна Македонија за политичкиот состанок на Меѓувладината конференција за пристапување на Северна Македонија во Европската Унија и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја утврди Генералната позиција на Северна Македонија за политичкиот состанок на Меѓувладината конференција за пристапување на Северна Македонија во Европската Унија.

2. Се задолжува Мисијата на Република Северна Македонија при Европската Унија, Генералната позиција на Северна Македонија за политичкиот состанок на Меѓувладината конференција за пристапување на Северна Македонија во Европската Унија, да ја достави до службите на Европската Унија, најдоцна до 17 јули 2022 година.

3. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во координација со Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за надворешни работи да го утврдат составот на Државната делегација за политичкиот состанок на Меѓувладината конференција за пристапување на Северна Македонија во Европската Унија, најдоцна до 17 јули 2022 година.

4. Се задолжува Државната делегација за политичкиот состанок на Меѓувладината конференција за пристапување на Северна Македонија во Европската Унија, да ја презентира Генералната позиција на Северна Македонија за политичкиот состанок на Меѓувладината конференција за пристапување на Северна Македонија во Европската Унија.

5. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања да подготви план на активности со динамика за следните фази од пристапниот процес, најдоцна до 26 јули 2022 година.

6. Го разгледа Протоколот кој треба да биде потпишан по завршувањето на Вториот состанок на Заедничката меѓувладина комисија меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија, формирана врз основа на членот 12 од Договорот на пријателство, добрососедство и соработка меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија, кој ќе се одржи на 17 јули 2022 година, во Софија.

7. Се задолжува министерот за надворешни работи, д-р Бујар Османи, да го потпише Протоколот од Вториот состанок на Заедничката меѓувладина комисија меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија.

8. Се задолжува Министерството за надворешни работи до Владата да достави информација за одржаниот Втор состанок на Заедничката меѓувладина комисија меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија на 17 јули 2022 година, во Софија и потпишана верзија од Протоколот од овој состанок, со цел нивно разгледување.

**Точка 5**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 6**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

**Точка 7**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Протоколот кон Северноатлантскиот договор во врска со пристапувањето на Кралството Шведска, го

утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереници Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана, Катерина Ставревска, директор во Министерството за надворешни работи и Наташа Дескоска, помошник директор во Министерството за надворешни работи.

**Точка 8**

Владата го разгледа Предлогот на закон за ратификација на Протоколот кон Северноатлантскиот договор во врска со пристапувањето на Република Финска, го утврди и заклучи согласно член 188 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, м-р Фатмире Исаки, заменик на министерот за надворешни работи и Башким Хасани, заменик на министерот за одбрана, а за повереници Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана, Катерина Ставревска, директор во Министерството за надворешни работи и Наташа Дескоска, помошник директор во Министерство за надворешни работи.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 17:30 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Димитар Ковачевски**